# УИС-Етички код за спелеолошки истражувања во странски држави*

**Прифатен од Меѓународната спелеолошка унија (UIS) на Генералното Собрание на 12ОТ Меѓународен Спелеолошки Конгрес (La Chaux-de-Fonds, Switzerland, 1997). Изменет од Генералното Собрание на 13ОТ Меѓународен Спелеолошки Конгрес (Brasilia, Brazil, 2001)**

***преводот е извршен од Маџар Марјана, на барање на Спелеолошката Федерација на Македонија. Оргиналниот текст на англиски јазик можете да го најдете на http://www.uis-speleo.org/ethic-en.html**

UIS ги поддржува интернационалните активности на спелеолошките друштва, истражувачи на пештери и карстни научници, затоа што тие се важни за:

- откривање на нови пештери и проширување на истражувањето во предходно познатите пештери
- истражување на нивната содржина, на пр. минерали, жив свет, археолошки и антрополошки остатоци
- ширење на познавањата за карстот и пештерите насекаде низ светот
- овозможува размена на искуства за безбедни спелеолошки истражувања
- помош во заштитата и зачувувањето на карстот и пештерите

За да се избегнат недоразбирањата со локалното население, владата и локалните и националните организации во државата во која треба да се изврши спелеолошкото истражување, UIS ги подготви следниве препораки.

## 1. ПРЕД ДА ЈА НАПУШТИТЕ ВАШАТА ДРЖАВА

Во многу случаи ќе биде потребно предходно да добиете официјална дозвола од властите во државата што сакате да ја посетите. Дополнително информирајте ја националната спелеолошка организација на државата. Ако не постои таква организација, контактирајте го националниот UIS делегат.

Ако е можно, организирајте заеднички експедиции со спелеолозите од државата што ја посетувате. Националната спелеолошка организација ќе биде запозната со официјалните услови за експедицијата што доаѓа. Тие ќе бидат добро запознати со условите за сместување на извештаите и други објавени материјали на експедицијата, и со регулативите за преместување на материјалите од пештерите во други земји за научни истражувања или други причини од страна на експедицијата.

## 2. ЗА ВРЕМЕ НА ЕКСПЕДИЦИЈАТА

Членовите на експедицијата треба да ги почитуваат законите на државата и локалните тредиции, да разберат дека некои пештери можат да бидат свети места и да бидат од религиозно и\или културно значење и нивното истражување може да биде ограничено.

Членовите на експедицијата не треба да го оштетуваат карстот или пештерата во која тој се наоѓа. Тие треба, доколку е тоа можно, да ги едуцираат и советуваат локалните заедници во врска со заштитата и зачувувањето на карстот и нивните пештери.

## 3. ПОСЛЕ ЕКСПЕДИЦИЈАТА

Примероците од карстот и пештерите што се собрани за време на експедицијата може да се изнесат од пештерата и државата само доколку се следени процедурите за експорт и нивното изнесување е дозволено.

Копиите од сите печатени материјали произведени од експедицијата, заедно со локацијата и мапите на пештерите треба да им се испратат на соучесничките спелеолошки клубови, на националната спелеолошка организација и\или на националниот UIS делегат.

Поддршката добиена од организациите во посетената држава треба да биде призната во сите изданија на експедицијата.

## 4. ПОЧИТ КОН РАБОТАТА НА ДРУГИТЕ ГРУПИ

Пред превземање на експедицијата во странска држава посетителите треба да дознаат нешто повеќе за нивната претходна работа и\или актуелните истражувања на локалните и странски спелеолози, со цел да не се попречат актуелните проекти.

Во извештаите на експедицијата треба да се признаат заслугите за предходното истражување.

Ако се случи во ист простор да работат повеќе групи, тогаш треба да се искористи можноста да се учи еден од друг и да се усклади понатамошната работа.

## 5. ДОДАТОК НА ЕТИЧКИОТ КОД НА UIS (Прифатен во Бразилија, Бразил, 2001.)

А.) UIS ги тера сите членови на бирото на UIS и национални делегати што знаат за организирање на експедиција во странска држава, веднаш да го контактираат и информираат националниот делегат во таа држава.

Б.) Ако член на UIS бирото открие кршење на етичкиот код за време на странска експедиција, ќе го контактира националниот делегат во таа држава со почетна препорака, извештаите и пронајдоците на експедицијата да не бидат прифатени во нивните официјални изданија, ниту да бидат прифатени во било кој настан или издание спонзорирано од UIS.

В.) Експедициската група организирана од држава со висок или низок спелеолошки развој, треба да даде се од себе да понуди размена на знаење и да ги промовира локалните спелеолошки активности.